20260601003

## РЕГУЛАТОРНА КОМИСИЈА ЗА ЕНЕРГЕТИКА, ВОДНИ УСЛУГИ И УСЛУГИ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО КОМУНАЛЕН ОТПАД НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 54, став (1), точка 1. потточка 1.3, а во врска со член 61, став (1) точка 3. од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/25 и „135/25), Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија на седницата одржана на 23 март 2026 година, донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ФОРМИРАЊЕ НА НАЈВИСОКИ МАЛОПРОДАЖНИ ЦЕНИ НА ОДДЕЛНИ НАФТЕНИ ДЕРИВАТИ И ГОРИВА ЗА ТРАНСПОРТ

Член 1

Во Правилникот за формирање на највисоки малопродажни цени на одделни нафтени деривати и горива за транспорт („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.108/20,133/20, 49/22, 54/22, 64/22, 125/22 , 218/25 и 48/26), во членот 7, ставот (2), се менува и гласи:

„ (2) Заради заокружување на највисоките малопродажни цени трговската маржа може да отстапува во граници од:

±0,212 денари/литар при 18% ДДВ
±0,227 денари/литар при 10% ДДВ
±0,238 денари/литар при 5% ДДВ
±0,250 денари/литар при 0% ДДВ
од утврдената трговска маржа.“

Член 2

Во членот 8 по ставот (3) се додава нов став (4) кој гласи:

„(4) Ако помеѓу две редовни седници со акт се направат промени на износите на надоместоците или даноците или таксите што се вклучени во пресметката, тогаш на вонредна седница се донесува нова вонредна одлука за утврдување на највисоки малопродажни цени на нафтените деривати и горива за транспорт, во која се вклучени новите износи на надоместоците или даноците или таксите, а просечната берзанска цена и средниот курс денар/USD останувaат исти како и во последната одлука за утврдување на највисоки малопродажни цени на нафтените деривати и горива за транспорт.

Ставот (4) станува став (5).“

Член 3

Овој Правилник влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во “Службен весник на Република Северна Македонија” и на веб-страницата на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија.

Регулаторна комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија
Заменик претседател,
**Лирим Сулејмани,** с.р.

Бр. 01-442/1
23 март 2026 година
Скопје